# Вести од светот
## ЗА МЛАДИ И ВОЗРАСНИ



2023 • **1 ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ИСТОЧНОЦЕНТРАЛНА АФРИКАНСКА ДИВИЗИЈА



AdventistMission.org

# Содржина

**На насловната страница:** Годвин Лекундајо научил вредна лекција за тоа како небото гледа на времето, додека ја водел тринеделната мисионска програма во Танзанија. Искуството можете да го прочитате на 12. страница од списанието.


### УГАНДА

4 Медицинската сестра се двоуми / 7 јануари T

### ДЕМОКРАТСКА РЕПУБЛИКА КОНГО

6 Дупки во стомакот / 14 јануари

8 Страшна авионска несреќа / 21 јануари

### ТАНЗАНИЈА

10 Молитви со вера / 28 јануари T

12 Божјо време / 4 февруари

14 Настава што го менува животот, I дел / 11 февруари T

16 Настава што го менува животот, II дел / 18 февруари T

18 Пастор или политичар? / 25 февруари T

### РУАНДА

20 Бегање од неволја / 4 март

22 Градба спасува животи / 11 март T

24 Училиште изградено на молитви / 18 март T

26 Програма на 13-тата сабота: Без долгови / 25 март T

28 Идни проекти на 13-тата сабота

32 Редакција на списанието / Мапи


T = *Искуства кои се посебно интересни за тинејџерите*

# Нашите дарови на дело





Овие слики го прикажуваат меѓународното училиште Баратон, изградено на кампусот на универзитетот во Источна Африка во Кенија со помош на средствата од даровите на 13-тата сабота, во второто тримесечје од 2013 година. Училиштето е комплетно завршено, опремено и посветено на 13 март 2022 година. Даровите на 13-тата сабота првично беа наменети за два проекта – и за училиштето и за изградба на сместување за професорите и оженетите студенти. Меѓутоа, подоцна водството на црковата изгласа средствата да се употребат само за училиштето.

SEVENTH-DAY ADVENTIST CHURCH


© 2023 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved



12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драги водачи на саботната школа,

Ова тримесечје ќе се фокусираме на Источноцентралната африканска дивизија (ICAD) која вклучува 11 земји: Бурунди, Демократска Република Конго, Џибути, Еритреја, Етиопија, Кенија, Руанда, Сомалија, Јужен Судан, Танзанија и Уганда.

Во оваа дивизија живеат 419 милиони луѓе, вклучувајќи приближно и повеќе од 4,5 милиони верници на Христијанската адвентистичка црква. Тоа претставува соодност од 1 адвентист на секои 93 луѓе, што е подобрување во однос на три години претходно, кога соодносот беше 1:100 луѓе.

Ова тримесечје, ќе се реализираат шест мисионски проекти на 13-тата сабота во државите од оваа дивизија.

## Можности

***Даровите на 13. сабота од ова тримсечје ќе бидат употребени за 6 проекти на Источноцентралната африканска двизија:***

- Изградба на блок-спални во медицинската школа „Мугонеро“ во Руанда.
- Изградба на сместување за персоналот на медицинската школа и адвентистичкиот универзитет „Масоро“ во Руанда.
- Изградба на агрикултурен центар во Нчванга, Уганда.
- Изградба на повеќенаменска сала на адвентистичкиот кампус „Некемте“ во Етиопија.
- Изградба на блок-спални соби и повеќенаменска сала во кампусот на адвентистичкото училиште за глуви деца „Мвата“ во Кенија.
- Изградба на повеќенаменска сала во кампусот на Универзитетот „Аруша“ во Танзанија.



*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*

**Специјални карактеристики**

Ако сакате вашата саботна школа да ја направите поинтересна, можете да преземете фотографии и други материјали кои ќе ја придружуваат секоја мисионска сторија.Повеќе информации се дадени во страничната лента со секоја приказна. За фотографии од туристички места и други сцени од истакнатите земји, можете да најдете на бесплатна банка за фотографии како што се pixabay.com или unsplash.com. Можете да ги прикажете фотографиите на слушателите на екран додека ја читате мисионската сторија, или можете да ги испечатите фотографиите за да ја декорирате просторијата на вашата саботна школа или да ги ставите на огласната табла на црквата.

Дополнително можете да преземете PDF со фактите и активностите од Источноцентралната африканска дивизија на bit.ly/ecd-2023. Следете нè на facebook.com/missionquarterlies. Можете исто така да ја преземете PDF верзијата на списанието „Детска мисија“ на bit.ly/childrensmission и видеата од Mission Spotlight на bit.ly/missionspotlight. Ако најдовте особено ефективни начини за споделување на мисионските стории, ве молиме известете ме на mcchesneya@gc.adventist.org.

Вашата поддршка на мисијата е многу важна за единството на црквата.

Ви благодариме што ги поттикнувате членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри ширум светот и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку своите дарови.

Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!



# Медицинската сестра се двоуми

УГАНДА | 7 јануари 2023

Кристина

Семејството на Кристина било толку сиромашно што ја испратиле во интернатска школа што ја држеле католички свештеници. Еден од нив ѝ станал како татко. Посебно се грижел за нејзината благосостојба, се грижел за неа и кога го завршила училиштето и кога дипломирала како медицинска сестра.

На Кристина ѝ била потребна работа, а свештеникот ја советувал да побара работа надвор од градот, бидејќи во него би можела да биде привлечена од „предизвиците на градскиот живот“.

Таа му верувала на свештеникот уште од мала, но не била сигурна дека сака да живее на село. Животот во градот ѝ бил многу попријатен.

Додека барала работа, видела оглас за медицински сестри во кој се нудела работа во адвентистичкиот медицински центар. Таа се двоумела дали да аплицира за работа, бидејќи овој здравствен центар ѝ припаѓал на адвентистичката црква. Исто така, видела дека здравствениот дом е надвор од градот, а таа не сакала да го напушти градот.

Ја отфрлила идејата за работа на тоа место.

Во тие денови ѝ се јавил свештеникот, кој ѝ рекол: „Биди спремна, ќе испратам кола да те земе за да те однесе на твоето ново работно место.

„Каде ќе работам?“ прашала таа.

„Побрзај, биди подготвена, оваа понуда за работа нема да трае долго.“

Кристина мислела дека свештеникот нашол добра понуда за работа. Кога автомобилот дошол да ја земе, се изненадила кога застанал пред Адвентистичкиот медицински центар.

Не сакала да работи надвор од градот, но не гледала друга можност. Таа неволно ја прифатила работата како медицинска сестра и се преселила во едно локално сместување.

Доживеала серија шокови на работното место. Отпрвин животот во селото ѝ изгледал како затвор. Освен тоа, таа се зачудила кога видела како луѓето го слават Бога во сабота. Не можела да замисли Бог да биде присутен во таква заедница. Најблиската католичка црква била премногу далеку за да присуствува на богослужбите во недела.

„Што друго можам да направам, освен да седам овде во изолација“, си помислила таа.

Различни адвентисти доаѓале да

ја посетат на новото место каде што била сместена и да се молат на Бога со неа. Секоја сабота доаѓале да пеат, да ја проучуваат Библијата со неа и да се молат.

Нејзиното срце било трогнато од нивната добрина и желба да ѝ помогнат. Уживала да пее со нив. Нејзиното срце полека се отворало за непознатиот адвентистички стил на богослужение, но била загрижена што би можел да каже нејзиниот пријател свештеник ако дознае за тоа.

Верниците на црквата продолжиле да ја посетуваат, а таа упорно ги одбивала нивните покани да им се придружи на богослуженијата во адвентистичката црква. По три години престанале да ја повикуваат.

За тоа време размислувала за нивните повици и за сето она што го научила од проучувањето на Библијата со нив. Уште повеќе, таа ја убедила својата сестра да почне да оди во адвентистичката црква.

„Тие ја проповедаат вистината", ѝ рекла на својата сестра.

Кристина престанала да размислува за својата црква, но сè уште не била подготвена да се приклучи на адвентистичката црква; не можела да се замисли себеси да го слави Бога на богослужение во сабота.

Едно саботно утро, еден верник од црквата ја поканил Кристина на кампување и предавања во природа. Овој повик звучел како прекрасна музика за нејзините уши.

„Тоа е тоа!" помислила таа. Спакувала облека за пресоблекување

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските информации и брзи факти од Источноцентралната африканска дивизија: bit.ly/ecd-2023.
- Мисионската сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои редовно се молат, кои ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали, списите на Елена Вајт. Мисионската цел број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето, учеството на децата и младите"; целта за духовен раст бр. 7, е „да им се помогне на тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да бидат пример за библискиот поглед на светот". Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Првиот мисионер кој работел во Уганда бил Е.Ц. Енс кој претходно служел во Суџи, во областа Паре во Танзанија и кој дошол во оваа држава во 1906 г. Мисионските активности почнале да вродуваат со плод дури во 1927 година, поради политичките и верските судири во таа област.
- Кога мисионерите адвентисти дошле во Уганда, веќе имало поделба на територијата меѓу англиканските, католичките и исламските мисионери. Адвентистите биле принудени да одат во Нчванга, област каде што се очекувало да не постигнат ништо поради немирите и конфликтите што постоеле таму. По Божја милост, тие ја основале првата адвентистичка мисионска станица во Нчванга во 1927 година.

во својот ранец. Со текот на годините, таа присуствувала на многу крштевања, па знаела што треба да прави.

Кога пасторот ги повикал сите што сакаат да се крстат, таа се приближила до катедрата. Сите што ја познавале се изненадиле. Таа никому не кажала за нејзината желба да се крсти.

Кога излегла од базенот за крштевање, била исполнета со радост и благодарност кон Бога.

Денес, Кристина му е благодарна на Бога што ја донел во медицинскиот центар, чие полно име е - Медицински адвентистички диспанзер Нчванга.

„Неволно отидов во Нчванга, но Бог беше љубезен и милосрден кон мене на ова место. Искуството што го стекнав во Нчванга целосно го промени текот на мојот живот.

Дел од даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе се искористат за изградба на младински земјоделски центар за обука во Нчванга, Уганда.

„Драги читатели, ве замолувам да го поддржите формирањето на оваа установа со вашите великодушни дарови, кои ќе бидат пресвртница во животот на многу млади луѓе во Уганда.“

By Stephen Ssenyonga



# Дупки во стомакот

ДЕМОКРАТСКА РЕПУБЛИКА КОНГО | 14 јануари 2023

Марсел

Марсел се чувствувал како да умира. Многу го болел стомакот. Кога ќе го допрел, уште повеќе го болел.

Немал пари и не знаел што да прави.

Во Киншаса, главниот град на Демократска Република Конго, ниту една болница не би го примила без гаранција дека ќе си ги плати медицинските трошоци.

И тогаш некој му ја спомнал клиниката на адвентистите во Киншаса, која можеби ќе може да му помогне.

Тој, во придружба на сопругата Шарлот и децата, се упатил кон оваа здравствена установа.

Целото семејство се изненадило кога лекарскиот тим не кажал ниту збор за пари. Наместо тоа, тие му упатиле на неговото семејство зборови на охрабрување и молитви.

„Најголемо изненадување за мене и за моето семејство беше односот на лекарскиот тим кон мене. Бев опкружен со многу внимание, нежност и разбирање.

Во споредба со другите болници, овде животот на пациентот е на прво место, а не парите.

Лекарскиот тим направи одредени тестови и дојде до заклучок дека Марсел боледува од перфорација на стомакот. Не било јасно што ја предизвикало перфорацијата. Тоа може да биде резултат на пукнато слепо црево, голтање остар предмет, рана од куршум или нож.

Случајот на Марсел бил сериозен. Содржината на неговиот стомак можела да се излее низ дупките во случај на смртоносна флексија. Медицинскиот тим морал да изврши итна операција. Операцијата била комплицирана, бидејќи тројца од десет пациенти не ја преживуваат процедурата.

Марсел бил однесен во операционата сала. Анестезиологот го заспал, хирурзите отвориле и внимателно работеле, а потоа го сошиле по операцијата.

Марсел е убеден дека Бог ја извршил оваа деликатна операција, а не докторите.

## Во врска со искуството

- Најдете дополнителни информации за Адвентистичката клиника во Киншаса на Интернет адвентистичката енциклопедија: bit.ly/clinic-of-kinshasa.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Источноцентралната африканска дивизија: bit.ly/ecd-2023
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 2 зборува за јакнењето и диверзификацијата на мисионските активности во големите градови преку прозорецот 10/40, како и за зајакнување на работите кои влијаат на духовниот раст. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на проучување на Библијата, користење на саботношколските духовни материјали и списите на Елена Вајт. Целта број 4, акцент става на јакнењето на адвентистичките институции кои се борат за заштита на слободата, здравјето на целокупното човечко тело и јакнење на надежта преку Исусовото дејствување и обновување на Божјиот лик кај луѓето. Повеќе информации за стратешкиот план на христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Во 1917 г. основањето на мисијата Мусофу во Замбија и отворањето на училиштето помогнале како отскочна даска за христијанската адвентистичка црква да го прошири своето влијание и во Конго. Оваа мисија во Замбија привлекла 130 Конгоанци кои по завршувањето на школувањето се вратиле во својата татковина и сведочеле за Бога.
- Во 1918 година, С.М. Конигмахер дошол во Конго во потрага по локација за да основа мисионерска станица. Племенските поглавари Лумина и Какомбе барале учител кој би ги подучувал нивните деца во областа Саканија. Така адвентистите го прошириле своето влијание од Замбија во Конго.

„Оваа медицинска процедура беше многу ризична. Вратата на смртта беше подотворена. Операцијата беше прашање на живот или смрт, а јас сè уште сум жив.“

Десет дена по операцијата Марсел бил пуштен на домашно лекување и закрепнување“.

„Искрено, мојот живот е Божјо чудо. Не можам да го заборавам прекрасното чувство на вниманието на лекарскиот тим и нивната грижа за мене. Бог е присутен во оваа клиника и тоа е она што е потребно во овие несигурни времиња.“

Марсел изјавува дека неговото семејство и тој никогаш нема да го заборават ова искуство и престој во оваа клиника, каде што му бил спасен животот. Тој му е благодарен на адвентистичкиот медицински персонал кој на вистински начин им го претставиле Бога на неговото семејство и нему.

Оваа клиника прими дел од даровите на 13-тата сабота во 2019 година и со тие средства беше опремена и пуштена во употреба.

Ви благодариме за даровите на 13-тата сабота што дадоа поддршка за многу луѓе како Марсел да можат да добијат физичка помош, но пред сè, да можат да го запознаат нашиот Господ.

Оваа клиника претставува едно мало светло во град со 17 милиони жители. Нејзиниот здравствен тим останува посветен на тоа да им сведочи на луѓето за Христовата љубов и грижа за нив.

Марсел смета дека по престојот на оваа клиника станал друга личност.

„Дојдов полумртов, а излегов жив. Нека е слава на Бога. Го запознав Господа преку овие прекрасни луѓе“.



## Страшна авионска несреќа

ДЕМОКРАТСКА РЕПУБЛИКА КОНГО | 21 јануари 2023

Пиус

Еден верник на христијанската адвентистичка црква на чуден начин ја избегнал смртта во авионска несреќа додека планирал да ја посети црквата што ја основал во изолирана област на Демократска Република Конго.

Пиус, 53-годишен проповедник лаик и пилотот скокнале од малиот двомоторен авион неколку моменти пред да се урне на земјата.

Останатите пет лица во авионот загинале.

„Преживеа само со мобилниот во раката“, вели неговата сопруга Никол.

За неговото преживување и информација за состојбата на сопругот дознала од роднините и медиумите набрзо по несреќата. Пиус имал повреди на главата и ногата, но немал скршеници.

На сликата што ја објави ТВ, Пиус можел да се види како оди зашеметен во неговата крвава мајца, со мобилен телефон во својата рака.

Никол три дена не можела да стапи во контакт со сопругот, но првите зборови што ги слушнала по телефон биле зборови на благодарност кон Бога.

„Никогаш нема да заминам од ваков Бог, Тој е прекрасен", рекол тој.

### Последните моменти од летот

Причината за авионската несреќа останува нејасна. Него го користела локалната авиокомпанија. Веројатно дошло до дефект на еден од моторите на авионот кој се движел на релација од градот Камак до Чикапа (150 километри), кој се наоѓал во близина на границата со Ангола.

Пилотот се обидувал да го приземји авионот кога забележал проблем со едниот мотор. Како што авионот ја губел висината, кабината се полнела со чад, а Пиус го видел пилотот како излегува од кабината.

Во тој момент слушнал глас: „Следи го пилотот". Пилотот го отворил помошниот излез за итни

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските информации и брзи факти од Источноцентралната африканска дивизија: bit.ly/ecd-2023.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и жртвата за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радоста на сведочењето за Христа и создавањето ученици. Целта бр. 2 се однесува на зајакнување и диверзификација на мисијата на адвентистичката црква во големите градови преку прозорецот 10/40, како и јакнење на работите кои влијаат на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои редовно се молат, кои ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали, списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Демократска Република Конго е позната по својот акроним (DRC - ДРК македонски), за да се разликува од Република Конго (RC - РК македонски). Таа е втора по големина земја на африканскиот континент, по Алжир.
- Пигмеите - антрополошка етничка група чија просечна висина е невообичаено мала - ја претставуваат групата на најраните жители на оваа област. Народот Банту, кој исто така се наоѓа на оваа територија, денес го сочинува мнозинството од населението на оваа земја.

Лавови, леопарди, жирафи и бели носорози се наоѓаат во саваните што се протегаат ширум ДРК.

случаи и скокнал надвор. Пиус тргнал по него. Неколку секунди подоцна, авионот удрил во земјата и се запалил.

Локалните водачи адвентисти испратиле сочувство до семејствата на загинатите.

## Нема летови во сабота

Пиус, пастор лаик се качил на овој лет со желба да ја посети црквата што ја основал по серијата предавања што ја одржал. Меѓутоа, кога се обидел да резервира директен лет до градот каде што се наоѓала црквата, дознал дека директниот лет бил организиран само во сабота.

На службеничката ѝ објаснил дека не може да патува во сабота, бидејќи тој ден сака да го слави Бога.

Но, летовите до вашата дестинација се организираат само во сабота", рекла службеничката.

Пиус решил да најде друг начин да стигне до својата дестинација. Купил билет за авионот што се урнал. Ја повикал сопругата од аеродромот за да ѝ каже дека го сменил планот за лет.

Тоа попладне, Никол го чекала сопругот да ѝ се јави дека безбедно пристигнал во тој друг град. Но, немало повик.

Еден роднина ѝ се јавил на телефон и ја прашал како е Пиус.

Таа одговорила дека од тоа утро не се слушнала со него. Го прашала дали случајно има некаква информација. Роднината само ја спуштил слушалката и го завршил повикот без да одговори.

Таа веднаш му се јавила да го праша што се случува.

„Заблагодари му на Бога, затоа што авионот во кој беше твојот сопруг се урна и сите загинаа освен пилотот и твојот сопруг", ѝ рекол тој.

Никол отишол во својата спална соба и паднала на колена. Неколку моменти подоцна ѝ се јавил еден пријател и ѝ рекол дека видел слика на ТВ на која се гледа Пиус во крвава маjца со мобилен телефон во раката.

Товарот се симнал од нејзиното срце кога видела дека Пиус е жив, и покрај повредите.

Никол има безброј прашања за тоа што точно се случило тој ден. Таа не знае зошто пилотот и нејзиниот сопруг преживеале, а сите други загинале. Таа не знае зошто се случило сето тоа, но знае дека она што Бог го ветил во Псалмите е вистина.

„Бидејќи се надеваше во Мене, и ќе го избавам, и ќе го заштитам, зашто го позна името Мое" (Псалм 91,14)

„Бидете верни на Бога затоа што Тој може да нѐ заштити во секое време".

Ви благодариме за даровите на саботношколското мисионство кои помагаат да се основаат цркви во Демократска Република Конго и ширум светот.



# Молитвата на верата

ТАНЗАНИЈА | 28 јануари 2023

Илија

Илија имал голем проблем. По завршувањето на средното училиште се запишал на Универзитетот во Аруша, кој припаѓа на христијанската адвентистичка црква, но немал доволно средства да ја плати школарината.

Универзитетот Аруша не бил првиот избор за студирање на Илија. Тој се наоѓал на третото место на неговата листа на посакувани универзитети на кои би студирал.

Во тие денови му се јавил на еден пријател, Џозеф, со кој бил во средно училиште, за да го праша каде тој ќе студира.

„Ајде да одиме на Универзитетот Аруша, би било убаво да бидеме повторно заедно", одговорил Џозеф.

И Илија мислел дека би било убаво и двајцата повторно да бидат заедно, така што ги поднеле своите пријави, го положиле приемниот испит и биле примени на студиите.

Џозеф и Илија биле среќни што се примени на универзитетот. Му заблагодариле на Бога и се помолиле за финансиски средства за да ги покријат трошоците за нивните студии. Двајцата поднеле барање за државна парична помош.

По некое време, Илија присуствувал на мисионска програма во црквата, на молитвената седмица. Кога пасторот ги замолил собраните луѓе да ги напишат своите молитвени барања на ливчиња, Илија на свое изненадување напишал молитва за благодарност до Бога, а не некое барање.

„Ти благодарам, Боже, што ми овозможи да се запишам на Универзитетот во Аруша и што ми помогна да добијам финансиска помош за покривање на трошоците за моите студии", напишал тој на ливчето.

Тој верувал дека Бог ќе му помогне околу трошоците за неговите студии.

Кон крајот на таа седмица, Илија и Џозеф отишле на автобуската станица, купиле билети за пат до главниот град на Танзанија, Дар Ел Салам.

„Ги купивме билетите, но како што знаете одиме во непозната средина. Како ќе живееме, како ќе ги плаќаме трошоците за студирање без никаква финансиска помош?"

„Дали веруваш во Бога?" прашал Илија.

„Да, но", одговорил Џозеф.

„Дали е тоа истиот Бог во кој верувам и јас?" продолжил Илија.

„Да", потврдил Џозеф.

„Тој Бог ни помогна успешно да го завршиме средното образование, да собереме пари за автобуски билети,

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските информации и брзите факти од Источноцентралната африканска дивизија: bit.ly/ecd-2023.
- Мисионската сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои редовно се молат, кои ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали, списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето, учеството на децата и младите“; целта за духовен раст бр. 7, е „да им се помогне на тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да бидат пример за библискиот поглед на светот“. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Танзанија има 3.078 адвентистички цркви и 2.424 групи верници, со вкупно 683.469 членови на црквата. На население во земјата од 57.474.000, ова претставува соодност од 1 верник на двентистичката црква на секои 84 жители на оваа земја.
- Во 1903 година, двајца германски мисионери А.Ц. Енс, градинар кој дипломирал на Универзитетот Фриденсау и Ј. Елерс, молер кој бил вработен на варосување на зградата на адвентистичката мисија во Германија, станале првите пионери што ја проповедале адвентистичката доктрина во овој дел од Источна Африка.
- Во текот на 1903 година, Енс и Елерс испратија порака дека им била дадена можност од страна на германскиот гувернер на Тангањика да купат земјиште од племенскиот поглавар Секиманга во Гита (Танзанија) за 100 германски марки.

и Тој ќе ни помогне да живееме во овој град, како и за трошоците за студирање.

Подоцна истиот ден, овие двајца млади луѓе добиле повици на нивните мобилни телефони, со потврда дека им е одобрена државна финансиска помош.

Таа сабота, Илија отишол во првата адвентистичка црква на која наишол и ја споделил добрата вест со другите. За него ова претставувало вистинско чудо. Пасторот се помолил за него, а сите верници од црквата му посакале изобилен Божји благослов за неговиот престој во нивниот град, како и за студирањето на Универзитетот Аруша.

Денес, Илија е при крај на своите студии. Тој се здружил со многу студенти кои биле исклучени од нивните факултети поради држење на саботата. Тој сфаќа дека не би можел да ја празнува саботата ако отишол на друг универзитет.

„Моето академско патување го започнав со желба да стекнам подобро образование и никогаш ниту еднаш не зажалив за оваа одлука.“

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на повеќенаменска сала во кампусот на Универзитетот Аруша.

Во моментов на универзитетот има недостиг од простории за нормално одвивање на наставата и функционирање на универзитетот. Вашите дарови на 13-тата сабота ќе помогнат да се изгради повеќенаменска зграда, во која ќе бидат сместени училници за студентите и канцеларии за вработените.

„Господ нека ве благослови додека планирате да издвоите и да приложите великодушни средства на 13-тата сабота од ова тримесечје.

By Andrew McChesney



# Божјо време

ТАНЗАНИЈА | 4 февруари 2023

Годвин К. Лекундајо

*Замолеше еден млад човек да ја сподели оваа приказна како свое искуство.*

Како окружен пастор, научив за Божјиот поглед на времето за време на една серија евангелски предавања во текот на три седмици во Танзанија.

Организаторите за предавањата го избраа периодот од годината за време на сушната сезона, во градот Моши во подножјето на планината Килиманџаро, највисоката планина во Африка.

Сепак, обилните врнежи почнаа по првата седмица од предавањата.

Загрижен дека дождот ќе ги задржи луѓето во своите домови, предложив да се одложат предавањата за подоцна.

На мое изненадување, претседателот на локалниот црковен одбор го одби мојот предлог.

„Не, пасторе, нема да го одложиме ова. Се молевме за овие евангелски состаноци, Бог ги слушна нашите молитви и знаеше дека ќе врне.

„Добро, а што да правиме?“ реков. „Гледате дека врне силен дожд“.

## Мала вера

„Треба да покажеме малку вера дека нашиот Бог може да направи да биде суво за време на нашите предавања“, рече тој.

„Да се помолиме вака: „Најмил наш Господе, Ти можеш да направиш да врне дожд колку што сметаш дека треба, но направи да не врне на ова место од 3:30 до 6:30 секој ден за време на оваа евангелска серија“.

На овој начин, луѓето ќе имаат време да патуваат по суво 30 мину-

ТАНЗАНИЈА

## Во врска со искуството

- Гледајте го краткиот видеоклип за пасторот Годвин на: bit.ly/Godwin-time.

  Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.

- Преземете ги мисионските информации и брзите факти од Источноцентралната африканска дивизија: bit.ly/ecd-2023.

- Мисионската сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- За време на Првата светска војна, западните мисионери, иако без значителна финансиска поддршка, им сведочеле на луѓето во Танзанија. Кога Ц.Г. Максвел дошол во Танзанија во 1921 година, нашол подготвени кандидати за крштевање, кои цели 6 години чекале да бидат крстени.

  Првото крштевање во Танзанија било во 1908 година, кога биле крстени шест лица: Ендрју Санамвеј, Дејвид Шамбега, Абрахам Сеивунде, Јохана Кајемба, Филип Мбага и Лазарус Омари. Подоцна, некои од овие крстени биле испратени како мисионери и тие ја основале мисијата Бупандагил.

  Првите танзаниски ракоположени пастори биле: Пол Килонзо и Елизар Манонги. Ракополагањето на овие пастори се случило во 1932 година.

ти пред почетокот на состанокот во 4:00 часот и 30 минути по завршувањето на состанокот во 6:00 часот.

Не бев сигурен во врски со оваа молитва, но се придружив.

Следниот ден дожд врнеше одвреме-навреме со помал или поголем интензитет. Меѓутоа, точно во 3:30 престана да паѓа.

Нашата средба започна според планираното во 4:00 часот. Јас проповедав до 6:00 часот. Во 6:30 повторно почна да врне.

Ваквото време траеше две седмици. Ќе врне дожд до 3:30, а потоа ќе престане до 6:30, кога повторно ќе почне да паѓа.

Еден ден, еден посетител пристигна на состанок во 3:00 часот за да седне на добро место.

Чекаше некое време, а кога виде силен дожд, помисли дека состанокот ќе биде откажан, па си замина.

Следниот ден праша дали сме имале состанок претходниот ден.

„Секако", му одговорив. „Ние не баравме од Бога дождот да престане во 3:00, туку во 3:30, за да имате половина час откако ќе престане дождот да дојдете на предавањето и половина час по предавањето да се вратите дома".

„Нема да ја направам таа грешка повторно", рече човекот.

### 12 крштевања

Во сабота одеднаш сфативме дека заборавивме да го молиме Бога да не врне за време на утринското богослу-

жение, но Господ ги знаеше нашите слабости и не врнеше од 9:00 до 12:00 часот.

Во текот на последната сабота од оваа евангелска програма, крстив 12 луѓе во реката. Кога последниот човек излезе од водата, почна да врне.

„Вие сте благословени", ѝ реков, „Се крстивте во водите на реката и небесниот дожд".

Ова искуство ме научи дека Бог внимателно го следи времето. Тој не е ограничен со времето како што сме ние ограничени, но очекува од нас да бидеме точни и одговорни како добри управители, „Па така, внимавајте добро како живеете! Не како безумни, туку како мудри; ползувајте го времето, зашто дните се лукави. Затоа немојте да бидете неразумни, туку распознајте што е волјата Божја!" (Ефесјаните 5,15-17)

Да проповедав подолго за време на овие евангелски состаноци, луѓето ќе мораа да се вратат во своите домови на дожд по предавањата. Некои би се разболеле како резултат на тоа, не би дошле на следните предавања. Затоа управувањето со времето е многу важно.

Дозволете ми да ве повикам да ми се придружите во молитвите мудро да го користиме времето што е пред нас. „Научи нè така да ги броиме нашите дни, па да се здобиеме со мудро срце" (Псалм 90,12).

Ви благодариме за вашите великодушни дарови на 13-тата сабота со кои ќе помогнете да се остварат 6 мисионски проекти на Источно-централната африканска Дивизија, вклучувајќи ја и изградбата на толку многу потребната повеќенаменска сала на кампусот на Универзитетот Аруша во Танзанија.

By Godwin K. Lekundayo, president of Northern Tanzania Union Conference





# Настава што го менува животот, I дел

ТАНЗАНИЈА | 11 февруари 2023

## Хенри

*Замолете еден млад човек да ја сподели оваа приказна како свое искуство.*

Хенри не бил верник на адвентистичката црква, но адвентистите го охрабрувале да студира сметководство на Адвентистичкиот универзитет Аруша во Танзанија.

Меѓутоа, тој не можел да се запише на адвентистичкиот универзитет бидејќи немал доволно средства.

Со големо разочарување размислувал за својата иднина. Еден пас-

тор адвентист дознал за неговиот проблем и му понудил охрабрување.

„Размисли за тоа сепак да одиш на Универзитетот Аруша“.

Семејството на пасторот, исто така, го охрабрувало Хенри да не се откажува.

Поднел молба до државниот фонд за финансирање на студиите и чекал, долго чекал. Поминале неколку месеци во мачна тишина. А тогаш Универзитетот Аруша го контактирал и му пренел возбудливи вести.

„Државниот фонд за помош на студентите целосно го одобри вашето барање за парична помош“, рекол универзитетскиот пастор. „Дојдете во администрацијата на универзитетот за регистрација и прием.

Хенри пристигнал на универзитетскиот кампус со големи надежи. Планирал да направи многу големи и прекрасни работи по дипломирањето. Имал 22 години, а пред него била целата иднина.

Неговите први впечатоци за универзитетот биле добри. Универзитетот е сместен во прекрасна природа, а се наоѓа во близина на националниот парк Аруша. Понекогаш на кампусот можеле да се видат зебри и газели.

Во близина се наоѓа Меру, петтата највисока планина во Африка. Во текот на убавите денови, низ прозорците на студентските училници може да се види највисоката планина во Африка, Килиманџаро.

Хенри набрзо забележал дека овој универзитет го посетуваат студенти од многу африкански земји, како што се Кенија, Руанда, Уганда, Боцвана и Демократска Република Конго. Тој бил заинтересиран да запознае различни култури од другите африкански земји.

Особено му се допаѓале професорите. На негово изненадување, повеќето професори живееле на кампусот и биле лесно достапни доколку на студентите им била потребна помош. Нивниот начин на поучување го потсетило на грижата на родителите за своите деца. Професорите го третирале како син. Секој час започнувал со молитва.

Студирал трудољубиво. Поминувал доста време споредувајќи ги адвентистичките верски убедувања со религиозните традиции на своите родители.

Тој бил привлечен од адвентистичката вера. Не ги пропуштал саботните богослуженија, молитвените состаноци во среда и мисионските серии предавања.

Во исто време, тој присуствувал на богослужбите во неговата традиционална црква во недела. Се сметал себеси за верник на семејната деноминација. Дури и служел како благајник на клубот на студентите од Универзитетот Аруша кои припаѓале на неговата црковна деноминација.

На Хенри особено му се допаднало тоа што готвачите на универзитетот подготвуваат вегетаријанска храна. Пред да дојде на овој универзитет читал книги во кои се зборувало за здрава исхрана, која треба да се

состои од овошје, зеленчук, житарки, јаткасти плодови, а не месо.

Студирањето во оваа адвентистичка институција му дало прилика да го спроведе во практика она што претходно го читал.

По три месеци вегетаријанска исхрана, тој не забележал никакви промени во неговото здравје. Еден ден, некои пријатели надвор од кампусот го поканија на ручек со овчо месо.

По тој месен оброк, таа вечер Хенри не можел да се концентрира, не можел да учи, па дури и не спиел добро.

Следното утро сфатил дека вегетаријанската исхрана е најдобра за него.

Хенри бил восхитен од начинот на кој адвентистите ја одбележуваат „Господовата вечера".

Во неговата традиционална црква, обредот на понизност не постои. Симболите на Христовата крв и тело, бесквасниот леб и непревриеното вино му дале нов поглед на Христовата жртва, Неговата понизност и проштавање.

Саботите попладне често ги поминувал многу добро. Професорите и другите студенти често го поканувале на ручек во нивниот дом. Бил изненаден што никому не му пречело што тој не е адвентист.

По ручекот, оделе во универзитетската црква на попладневните богослуженија или на прошетка во природа. Понекогаш останувале да пеат до зајдисонце.

Како што минувале месеците, тој сè подлабоко и подлабоко остварувал нова врска со Христа, кој чекор по чекор го менувал неговиот живот.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските информамации и брзи факти од Источно-централната африканска дивизија: bit.ly/ecd-2023.
- Мисионската сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои редовно се молат, кои ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали, списите на Елена Вајт. Мисионската цел број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето, учеството на децата и младите"; целта за духовен раст бр. 7, е„да им се помогне на тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да бидат пример за библискиот поглед на светот". Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Најкратката забележана војна во историјата на човештвото се водела во Танзанија во 1896 година меѓу Велика Британија и Занзибар. Овој вооружен конфликт траел само 45 минути.
- Во Танзанија можат да се видат ракови со големина на кокос.

Поздравувањето со левата рака се смета за неучтиво во Танзанија.

Дел од даровите во 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за проширување на кампусот на универзитетот Аруша. Ќе се изгради неопходната и толку многу потребна повеќенаменска сала.

Ви благодариме што планирате да издвоите великодушни средства за да им помогнете на студентите како Хенри да го запознаат и искусат новиот живот со Христа.

*(Следната седмица ја продолжуваме приказната за Хенри)*

By Andrew McChesney



# Настава што го менува животот, II дел

ТАНЗАНИЈА | 18 февруари 2023

## Хенри

*Замолете еден млад човек да ја сподели оваа приказна како свое искуство.*

***(Од минатата седмица:** Хенри бил привлечен од учењата на христијанската адвентистичка црква откако се запишал на адвентистичкиот универзитет Аруша во Танзанија. Тој со задоволство присуствувал на црковните служби, уживал во вегетаријанските оброци во студентската кафетерија и во активностите во сабота. Но, тој сепак се сметал себеси за искрен верник во неговата семејна деноминација)* .

За време на неговата втора година од студирањето, Хенри на универзитет запознал една девојка, Дорин од Кенија. Таа била меѓу мноштвото студенти од околните држави. Хенри, кој потекнувал од Танзанија, бил заинтересиран да научи за различните африкански култури, а особено бил заинтересиран подобро да ја запознае Дорин.

Тие двајца станале многу блиски пријатели. Оделе секаде заедно. Си помагале во учењето, а времето го поминувале заедно во молитви. Понекогаш воделе дебата за културните разлики меѓу нивните две земји.

На почетокот, Дорин и Хенри не разговарале за разликите во нивните религиозни практики. Дорин сметала дека Хенри е член на адвентистичката црква. Нејзините претпоставки биле разбирливи, бидејќи тој активно учествувал во религиозни активности на кампусот. Тој помагал во организирањето на богослужбите и пеел во студентскиот хор.

Откако дознала дека тој не е член на адвентистичката црква, тие двајца почнале да разговараат за Бога во секоја прилика.

И тогаш Хенри бил поканет на духовно патување во Руанда органи-

зирано за студентите од универзитетот. Ова патување било организирано од страна на Источноцентралната африканска дивизија на Адвентистичката црква, која ги опфаќа териториите на Танзанија, Руанда, Кенија и уште осум други земји.

Ова било прв пат Хенри да оди во Руанда. Таа земја ја познавал само по нивната туристичка парола: „Земја на илјада ридови и милион насмевки“. Сега имал можност сам да се увери во вистинитоста на таа парола.

Враќајќи се од патувањето во Танзанија, од него било побарано да зборува за Руанда за време на специјалната програма организирана за црковните водачи.

Бил изненаден што тој, како неадвентист, бил повикан да зборува.

Инспириран од патувањето, Хенри бил подготвен за ново духовно патување за универзитетските студенти, кое било организирано во Кенија следната година. Тој пеел со универзитетскиот хор, а нивните песни биле одлично прифатени од другите студенти. За време на неговиот престој видел дека адвентистичката црква добро ги организира ваквите патувања, бидејќи оброците биле многу вкусни, распоредот на активности добро организиран, а сместувањето многу удобно.

Ова искуство направило тој многу повеќе да ја цени адвен-

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските информамации и брзи факти од Источноцентралната африканска дивизија: bit.ly/ecd-2023.
- Мисионската сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои редовно се молат, кои ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали, списите на Елена Вајт. Мисионската цел број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето, учеството на децата и младите“; целта за духовен раст бр. 7, е „да им се помогне на тинејџерите и младите да го ставаат Бога на прво место во нивниот живот и да бидат пример за библискиот поглед на светот“. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Планината Килиманџаро, највисоката планина во Африка (5.895 м.), се наоѓа во Танзанија. Во оваа држава се наоѓат и трите најголеми езера на овој континент - Викторија на север, Тангањика на запад и Ниса на југозапад.
- Дрвото Мпинго, кое расте во Танзанија, е најскапото дрво во светот. Познато е како музичко дрво, а од него се прават традиционални музички инструменти уште од дамнешни времиња.

Танзаниското знаме. Зелената ја претставува природата, жолтата ги претставува природните ресурси на оваа земја, црната го претставува народот, а сината ги претставува трите најголеми езера.

Националниот парк Серенгети, во кој живеат 1,7 милиони диви животни, се наоѓа во Танзанија.

тистичката црква. Ова патување во Кенија му било особено убаво бидејќи можел да биде со Дорин.

Хенри дипломирал и бил меѓу најдобрите студенти на својата генерација.

По завршувањето на студиите, тој продолжил да ја празнува саботата, останувајќи во контакт со Дорин. Пет години по завршувањето на студиите, му го предал срцето на Исуса со крштевање. Потоа ја запросил Дорин и двајцата се венчале.

Денес Дорин и Хенри имаат три деца. Тој работи за владата на Танзанија како државен службеник и служи како благајник во локална адвентистичка црква.

Тој го изразува своето задоволство што дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат искористени за проширување на Универзитетот Аруша со изградба на повеќенаменска сала.

„Оваа повеќенаменска сала ќе може да привлече и смести нови студенти на универзитетот. Се надевам дека многу студенти за време на нивниот престој на универзитетот ќе ја дознаат вистината и ќе го прифатат Исуса, како што е случајот со мене. Вашите дарови на 13-тата сабота ќе имаат големо влијание на универзитетот Аруша“.

Ви благодариме што планирате великодушно да ги приложите даровите на 13-тата сабота.

By Andrew McChesney



# Пастор или политичар?

ТАНЗАНИЈА | 25 февруари 2023

Џејкоб

Џејкоб почувствувал дека Господ го повикува да стане пастор кога како 7-годишно момче живеел во Танзанија.

Меѓутоа, во неговите тинејџерски години, тој не бил сигурен дали би сакал да биде пастор или политичар.

Патот да биде политичар, се чинел поедноставен. Затоа го ставил Бога на тест.

Џејкоб се соочил со силен притисок да влезе во политиката. Неколку политичари го повикале да им се придружи во работата. Тие ги презентирале своите ставови многу моќно. Му рекле на Џејкоб дека ги покажува главните карактеристики на еден добар политичар, велејќи му дека работата ќе стане полесна, а платата висока со текот на времето.

Нивните понуди се коселе со неговата желба од детството да стане проповедник.

Покрај тоа, тој не можел да најде средства за да ги продолжи студиите на Универзитетот Аруша, единствениот адвентистички универзитет во Танзанија кој обезбедувал обука за пасторите. Му биле потребни доста средства за да ги покрие трошоците за студирање, сместување и храна. Тој не сметал дека ги исполнува условите за државната финансиска помош или стипендија.

Решил да го провери Бога. Тој се потпирал на Божјото ветување од Малахија: „Донесете ги сите десетоци во ризницата, па да има храна во Мојот дом, и потоа испитајте Ме, вели Господ Саваот: зар нема да ги отворам отворите небески за да излијам благослов на вас, па да имате и на претек?" (Малахија 3,10)

Тој се молел на Бога: „Драги Господе, ќе го чекам повикот дали да станам политичар или да се приклучам на Твоето дело. Ќе го прифатам она чиј повик ќе дојде прв".

Му се чинело дека има поголема веројатност да добие повик за политиката отколку за религијата.

Набргу по таа молитва, тој добил телефонски повик од обласниот пастор, кој го повикал да проповеда во една од неговите цркви во првата сабота. Тој го прифатил повикот. По проповедта таа сабота, бил поттикнат од прекрасни емоции кога видел дека верниците од црквата и проповедникот по неговата проповед му се заблагодариле на Бога.

Почнал редовно да проповеда во различни цркви. Потоа, добил повик да работи како помошник пастор во едно основно училиште.

По извесно време почувствувал повик да формира медиумска и ИТ компанија. Ја напуштил работата како помошник пастор, молејќи се на Бога да ја искористи неговата ИТ компанија за да обезбеди средства за покривање на трошоците на Универзитетот Аруша.

Тој се молел на Бога да обезбеди доволно средства, за да не мора да бара помош од ниту еден верник од црквата.

„Гледам дека ме повикуваш да ти служам, затоа Те молам да ми дадеш охрабрување дека ќе можам да ги покријам трошоците за школарина, сместување и храна на универзитетот."

Наскоро, неговата компанија почнала да заработува доволно пари, така што тој можел да издвои пари за студиите.

Средства за студирање му понудиле и неколку негови пријатели кои живееле во странство. Џејкоб се прашувал дали е време да се запише на факултет.

Потоа добил повик да служи како помошник пастор во црква во близина на универзитетскиот кампус. Ова било многу необично, бидејќи обично такви покани добиваат само дипломирани теолози.

Го прифатил повикот и истовремено се запишал на теологија.

Денеска тој ги завршува своите студии. Неговото проповедање веќе остава големо влијание врз младите. Серијата предавања што ги одржал за практичната вера и за секојдневниот живот беа многу добро прифатени, а сега сака да напише книга на оваа тема.

Кога ќе погледне наназад на својот живот, без никакво сомневање гледа дека Бог го повикал да служи уште кога имал 7 години.

„Серијата чуда што се случија во мојот живот сведочат дека Бог ме повикуваше уште како мало момче. Ова покажува дека Бог ги повикува младите луѓе да се вклучат во Неговата служба во секое време“.

Вашите дарови на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на повеќенаменска сала, која ќе се користи за канцелариите на универзитетскиот персонал и училници за студентите.

Ви благодариме што планирате великодушно да ги издвоите даровите на 13-тата сабота, за да им помогнете на учениците како Џејкоб да одговорат на Божјиот повик да служат во Неговото дело.

By Andrew McChesney

## Во врска со искуството

- Гледајте го краткиот видеоклип за пасторот Годвин на: bit.ly/Godwin-time.
- Преземете ги мисионските информации и брзите факти од Источноцентралната африканска дивизија: bit.ly/ecd-2023.
- Мисионската сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои редовно се молат, кои ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали, списите на Елена Вајт. Мисионската цел број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето, учеството на децата и младите“; целта за духовен раст бр. 7, е „да им се помогне на тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да бидат пример за библискиот поглед на светот“. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Христијанството е најзастапената религија во Танзанија. Околу 60% од жителите се сметаат себеси за христијани, од кои 27,7% се протестанти а 25,6% католици. 36% од населението се декларира како муслиманско. 2% ги практикуваат традиционалните африкански религии и 1% непознато.

Неофицијалното национално јадење во Танзанија е Угали кашата направена од брашно од просо или сирково брашно.



# Бегање од неволја

РУАНДА | 4 март 2023

Клод

Клод почнал да пие кога имал 12 години. Тој барал излез од неволјите што го потиснувале неговиот млад живот во Руанда.

Клод растел во семејство кое постојано било во кавги. Таткото и мајката постојано се расправале. Мајката се расправала и со свекрвата, а по тие расправии понекогаш излегувала од дома за неколку дена да помине кај нејзината мајка.

Мајката го молела таткото да се преселат во друг град, далеку од неговите роднини, но тој одбил велејќи дека не може да ги напушти роднините.

Таткото наеднаш тешко се разболе. Се лекувал, но неговата состојба постојано се влошувала. Отишол на клиника, но докторот не можел да му помогне, па го испратил во болница. Таму му била дијагностицирана маларија. Неговиот татко поминал многу денови во болница, а Клод можел да ги слушне луѓето како велат дека татко му нема да преживее.

Меѓутоа, таткото не умрел, но почнал да се однесува чудно во болницата. Од оваа болница тој бил префрлен во психијатриска болница.

По долготраен третман, закрепнал и се вратил дома. Но тој го загубил слухот по лекувањето во болница и не можел да слуша.

Наместо да го слават чудесното закрепнување на неговиот татко, роднините и соседите покажале сомневање дали тој воопшто имал маларија. Во тајност веделе дека мајка му се обидела да го отруе.

Мајката повеќе не можела да се носи со постојаните напади и конечно побарала развод, оставајќи го Клод со татко му.

Неговиот татко набрзо го испратил Клод да живее со баба му. Откако таткото повторно се оженил, го повикал момчето да дојде дома.

Клод бил исплашен од тешкото детство. Се чувствувал осамено. Почнал да пие. Како дванаесетгодишно момче, тој бил очаен и несреќен.

Еден ден, по неколку пијачки, во соседството забележал едно момче на улица со книга во раката (Големата борба од Елена Вајт).

На предната корица на книгата имало слика со бели ангели. Клод бил восхитен од насловот - Големата борба .

Знаел дека зборот борба значи несогласување или кавга. Во текот на детството имал многу можности да види несогласувања или расправии. Ако во книгата се зборува за голема борба, си помислил, тогаш зошто на

## Во врска со искуството

Поттикнете ги вашите читатели да станат добри сведоци за Бога како Клод. Во саботната школа нека ги запишат своите омилени библиски стихови на ливчиња, кои подоцна можат да ги споделат со другите деца.

- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските информации и брзи факти од Источноцентралната африканска дивизија: bit.ly/ecd-2023.

Светската црква планира масовно да ја дистрибуира книгата Големата борба во 2023 и 2024 година. За повеќе информации за проектот, прашајте го вашиот локален пастор или посетете ја: greatcontroversyproject.com

- Мисионската сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето, учеството на децата и младите“; целта за духовен раст бр. 7, е „да им се помогне на тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да бидат пример за библискиот поглед на светот“. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Белгискиот мисионер Дејвид Елие Делхове (1882-1949) го започнал мисионското дело во Руанда по Првата светска војна. Тој купил земјиште северно од градот Нинза, на низок гребен познат како „Ридот череп“. Домородците го сметале тоа место за проколнато. Таму подоцна била основана адвентистичката мисија Гитве.

корицата на книгата има бели ангели? Бил многу љубопитен.

„Може ли да ја позајмам оваа книга?“ го прашал момчето. Момчето забележало дека Клод е пијан, но не се спротивставило на неговите зборови.

„Ако се покаеш, ќе стоиш како овие ангели што можеш да ги видиш на корицитe од книгата“, рекло момчето.

„Ако се покаеш, ќе можеш да застанеш пред самиот Господ Исус, кога ќе дојде повторно во својата слава“.

Зборовите на момчето го погодиле Клод како гром. Во истиот момент се отрезнил. Почувствувал голем товар на вина за своите лоши дела. Се сетил дека го гледал тоа момче од соседството како оди во црква секоја сабота.

„Може ли следната сабота да дојдам со тебе во црква“, го прашал момчето.

Момчето се насмевнало и кимнало со главата велејќи: „Би ми било задоволство ако дојдеш со мене“.

Во сабота децата и возрасните радосно го поздравувале Клод во црквата. Тој се чувствувал среќно и многу пријатно. Уживал во програмата на саботната школа. И следната сабота тој отишол во црква, а потоа и онаа следна сабота. Почнал да ја чита Библијата и други книги што ги позајмил од луѓето во црквата.

Во една книга прочитал за едно момче кое сакало да им сведочи на другите луѓе за Бога. Во приказната момчето го прашало својот татко како може најдобро да им сведочи за Бога на другите деца. Таткото одговорил: „Напиши ги твоите омилени библиски

стихови на неколку листови и подели им ги листовите на другите деца“.

Оваа идеја многу му се допаднала на Клод. Тој веднаш почнал да ги запишува своите омилени библиски стихови на ливчиња и им ги давал на другите деца.

Наскоро некои од нив почнале да доаѓаат во црква со Клод. Четворица од нив му ги предале своите срца на Исуса со крштевање.

Денес Клод има 15 години и го завршува основното училиште. Тој сè уште им дава на другите деца ливчиња на кои се напишани библиски стихови.

„Го сакам Исуса“, изјавува тој. „Поради жртвата на крстот, знам дека Исус ми ги прости гревовите. Благодарен сум му за тоа. Ќе продолжам да ја ширам Божјата реч, додека се подготвувам за скорешното Исусово доаѓање.

Ви благодариме за мисионските дарови на сабатната школа кои помагаат во ширењето на радосната вест во Руанда и низ целиот свет дека Исус скоро ќе се врати.

By Andrew McChesney



# Градба спасува животи

РУАНДА | 11 март 2023

Јустас Пеникук

Тоа било како сон што се остварува.

Во текот на четири години, растела желбата да се отвори медицинска школа во Руанда, каде што младите луѓе би можеле да стекнат образование за да станат лекари или медицински персонал. Оние кои ќе ја завршат школата, не само што ќе можат да ги лекуваат болните туку и да ги водат пред нозете на големиот Лекар Исус Христос.

Сега, со помош на даровите на 13-тата сабота, градбите на кампусот на адвентистичкиот универзитет во Централна Африка, кој се наоѓа на периферијата на главниот град на Руанда, Кигали, го добиваат својот конечен изглед.

Секој ден на тоа градилиште работат над 300 градежни работници.

Меѓутоа, пред да се слушнат звуците на чекани, пили и други алатки и машини, од ова градилиште се издигнува благодарност кон Бога.

**За што станува збор?**

Градежните работници го прославуваат Бога заедно со студентите на универзитетот.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските информации и брзи факти од Источноцентралната африканска дивизија: bit.ly/ecd-2023.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 2 зборува за јакнењето и диверзификацијата на мисионските активности во големите градови преку прозорецот 10/40, како и зајакнување на работите кои влијаат на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејства со помош на проучување на Библијата, користење на саботношколските духовни материјали и списите на Елена Вајт. Повеќе информации за стратешкиот план на христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Првото крштевање во Руанда било во 1924 г. кога биле крстени три лица: Јохана Рувугихомва, Петеро Руканга и Марио Нџирабигва.

Во 1961 година, пасторот Е. Семегеши станал првиот локален жител кој ја водел адвентистичката мисија, додека тој, како и многу припадници на народот Тутси, не побегнал во Танзанија поради граѓанската војна во 1963 година. Во 1977 година се вратил и ја водел мисијата до 1980 година.

Адвентистичката црква во Руанда се соочува со предизвици во областа на образованието, поради зголемената потреба од квалификувани професори и здравствени мисионери за развој на нови здравствени програми кои вклучуваат планирање на семејството, превенција од дрога и алкохол.

Руанда има 1.844 цркви и 694 групи верници, со вкупно 863.972 членови. Бројот на жители во државата изнесува 12.250.000 жители, и ова претставува соодност од 1 адвентист на секои 14 луѓе.

Неколку студенти по теологија биле толку возбудени од изградбата на оваа нова медицинска школа што не сакале да чекаат на доктори мисионски ориентирани да го шират евангелието, туку почнале да освојуваат души за Христа уште пред да се изгради школата. Затоа решиле да ги повикаат градежните работници да пеат химни, да ја читаат Библијата и да се молат заедно со нив секое утро.

На почетокот, се приклучиле само неколку работници на утринското славење на Бога. Можеби другите работници сакале да стигнат на работа.

Меѓутоа, како што поминувале деновите и неделите, бројот на работници кои го славеле Бога растел сè повеќе и повеќе. Нивните шефови и работодавци го забележале нивниот интерес за утринските служби, давајќи им слобода да пеат и да ја слушаат Божјата реч од Библијата.

Како што поминувале месеците, студентите по теологија почнале да се дружат со градежните работници кои биле заинтересирани да дознаат повеќе за Исуса.

„Можете ли да замислите дека оваа зграда ќе биде изградена за медицинска школа, каде што идните ученици и студенти по дипломирањето ќе можат да го лекуваат физичкото и духовното здравје на своите ближни, доведувајќи ги душите кај Христа.

Градежните работници биле восхитени кога слушнале за целите на оваа медицинска школа. Нивното срце било привлечено кон Исуса, уште за време на изградбата на школата.

Градежните работници почнале порано да доаѓаат на работа за да можат да ги слушаат зборовите од Божјата реч. Тие доаѓале на работа не само за да заработат пари, туку и да ја слушнат евангелската порака.

„Радосната вест на евангелието е дека Господ Исус дошол и умрел за вашите гревови", говореле студентите.

„Ова училиште донесе повеќе луѓе кај Бога уште пред да почне да работи", изјавува еден од нив.

Кога завршила изградбата на медицинската школа, таа била отворена во присуство на претседателот на државата Руанда и претседателот на Генералната конференција.

27 градежни работници во таа пригода му го предале срцето на Исуса. 18 жени и 9 мажи, кои присуствувале на утринските служби на градилиштето, решиле да живеат за Господа.

„Погледнете го ова", пасторот Емил, кој ги водел студентите и градежните работници на утринските богослужби, го изразува своето чудење и благодарност, „животот на многу луѓе веќе е променет и тие се подготвуваат за живот на небото, а студентите не се ни седнати во своите клупи".

Оваа медицинска школа ќе може да ги прими првите 35 студенти по завршувањето на првата фаза од изградбата. Сега, професорите кои ќе ги обучуваат овие млади луѓе, доаѓаат од целиот свет.

Ви благодариме за вашите дарови на 13-тата сабота од ова тримесечје што ќе бидат употребени за изградба на сместувања на адвентистичкиот кампус за професорите и нивните семејства.

Ова искуство го раскажа Еустас Пеникук, мисионер од Костарика, професор во новата медицинска школа



# Школа изградена на молитви

ТАНЗАНИЈА | 18 март 2023

Сеси Пиментел Пеникук

Ова е вистинска приказна за тоа како еден сон станал реалност со помош на вашите дарувања на 13-тата сабота.

Во текот на 2016 година, даровите на 13-тата сабота беа собрани и употребени за изградба на медицинска школа во кампусот на адвентистичкиот универзитет на периферијата на главниот град на Руанда, Кигали.

Во текот на 4 години, верниците на црквата низ Источноцентралната африканска дивизија сонувале за тоа

да добијат медицинска школа. Постоела голема потреба од здравствена установа во оваа област.

Претседателот на дивизијата назначил тим кој ќе ги истражи можностите за формирање медицинска школа. Нешто подоцна, кога претседателот на Генералната конференција ја посетил оваа држава, се сретнал со претседателот на Руанда, кој го повикал адвентистичката црква да отвори медицинска школа.

Овој проект уште од самиот почеток бил соочен со многу проблеми. Некои луѓе се прашувале дали оваа школа некогаш ќе се отвори. На врвот на листата на проблеми се нашла потребата од големи средства, како и избор на соодветен директор на школата.

Бог ги обезбедил средствата преку собраните пари од даровите на верниците на црквата низ целата дивизија. Десет побогати верници на црквата надвор од оваа дивизија придонесле со своите средства во текот на 2016 година. Д-р Јустас Пеникук од Костарика, предавач на Универзитетот Монтеморолос во Мексико, бил поканет да биде првиот директор на медицинската школа. Тој прифатил и се преселил со семејството во Руанда.

Меѓутоа, тоа бил само почеток. Предизвиците биле големи: исполнување на сите државни прописи, развивање на наставата по сите предмети, координирање на градењето, опремување на училиштето со инвентар и опрема, изградба на сместувачки капацитети за персоналот.

Молитвите станаа незаменлив дел од овој проект. За оваа школа се молеа верниците на црквата во самата дивизија и низ целиот свет. Во Костарика и Мексико биле формирани интернет групи за молитва.

„За што конкретно треба да се молиме?“ прашале членовите на една интернет група, кои се собираат секој ден на молитвени состаноци.

Во молитвите се придружиле дури и некои луѓе, кои не се членови на адвентистичката црква. Еден брачен пар, неадвентисти, изјавил дека чекаат официјално да се отвори школата за да ја запишат нивната ќерка таму, бидејќи сметаат дека христијанското адвентистичко образование е многу квалитетно.

На крајот, наставната програма била одобрена, а оваа школа официјално била отворено на 2 септември 2019 година. Потребно било само да се изврши завршната државна инспекција на зградата.

И тогаш се појавува пандемијата Ковид-19.

Набавката на потребната училишна опрема доцнела бидејќи била набавена од странство, а поради пандемијата државната граница била затворена. Меѓутоа, кога се чинело дека сѐ е изгубено, Бог интервенирал, а властите во Руанда дале специјална дозвола опремата да ја премине границата.

Откако два пати имало целосно затворање поради пандемијата во Руанда, владиниот инспекциски тим конечно успеал да ја провери зградата и да ја одобри работата на меди-

цинската школа. Школата била подготвена да ги прими своите први ученици во јануари 2021 година.

Младите луѓе ширум целата дивизија, кои покажале интерес за медицината, најпрво биле испратени да го полагаат академското ниво по англиски јазик, бидејќи сите часови во училиштето се одржуваат на тој јазик.

Во меѓувреме, имало уште едно затворање поради пандемијата Ковид-19. Од студенти што доаѓале од странство било побарано да останат во своите домови и во своите земји додека пандемијата не се смири малку. Меѓутоа, четворица студенти веќе биле на пат за Руанда и не можеле да го прекинат своето патување. Затоа, тие затворени денови ги поминале во Руанда, далеку од нивните домови во Етиопија, Камерун и Либерија.

Деновите полека минувале и конечно школата започнала со работа на 8 март 2021 година.

Денеска оваа медицинска образовна институција е целосно функционална. Сепак, сè уште има предизвици со кои се соочува, но управата на училиштето не се сомнева дека Бог ќе го реши и тоа.

Ви благодариме што ќе ги приложите даровите на 13. сабота и што ќе го помогнете овој проект на медицинската школа во оваа дивизија.

Дел од даровите на 13-тата сабота ќе биде употребен за изградба на сместување за учениците и за службениците на медицинската школа.

## Во врска со искуството

Потсетете ги вашите верници дека дарот на 13-тата сабота ќе се собира на 25 март. Потсетете ги дека нивните мисионски дарови се средство за ширење на Божјата реч низ светот. Даровите ќе одат директно за поддршка на шест проекти во пет земји во оваа дивизија.

- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските информации и брзи факти од Источноцентралната африканска дивизија: bit.ly/ecd-2023.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 2 зборува за јакнењето и диверзификацијата на мисионските активности во големите градови преку прозорецот 10/40, како и зајакнување на работите кои влијаат на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на проучување на Библијата, користење на саботношколските духовни материјали и списите на Елена Вајт. Повеќе информации за стратешкиот план на христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

## Брзи факти

Земјоделството е главниот извор на приходи за населението на Руанда. Нивната кујна користи храна како банани, ибитока, слатки компири, грав и маниока (касава). Многу жители на Руанда консумираат месо само неколку пати месечно.

Ви благодариме и за вашите молитви и што планирате следната сабота да ги приложите великодушно своите дарови.

Од Сеси Пиментел Пеникук, мисионерка од Мексико која предава на медицински факултет и е сопруга на Еустас А. Пеникук

# Програма на 13-тата сабота
# 25 март 2023

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | Песна бр. |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | Без долгови |
| **Дар** | |
| **Завршна песна** | Песна бр. |
| **Завршна молитва** | |

*Забелешка: (Учесниците не мора да ги знаат напамет нивните делови, туку да бидат доволно запознаени со материјалот, за да не мора да читаат сè од скриптата. Вежбајте ја целокупната проглрама, за да можаат учесниците да се чувствуваат пријатно и, по потреба да го нагласат она што сметаат дека е важо.)*



## Без долгови

ТАНЗАНИЈА | 18 февруари 2023

Лидија

Лидија пораснала во сиромашен дом во Руанда. Нејзина најголема желба била да заврши факултет, за потоа да најде добра работа за да ги издржува родителите.

Но како?

Лидија имала високи оценки во средното училиште, а потоа се запишала на најпрестижниот универзитет во Руанда.

Но, таа не добивала државна школарина, па не можела сама да си ги плаќа студиите. Освен тоа, нејзините родители немале пари да ѝ помогнат.

Но, и тие сакале таа да добие универзитетско образование, па ѝ помогнале да биде примена во адвентистичката висока школа за медицински персонал.

Лидија била воодушевена!

Во текот на годините поминати во средното училиште, таа сакала да стане медицинска сестра и да им помага на болните луѓе. Сега имала прилика да го стекне потребното образование и да го исполни својот сон.

На почетокот на академската година се придружила на една група од 35 студенти во истата насока.

За разлика од престижниот државен универзитет, каде што таа би се изгубила среде мноштвото студенти на кампусот, овде на адвентистичкиот универзитет имало само 70 студенти на кампусот.

Увидела дека сите студенти се пријатни и љубезни, и дека сите живеат како едно големо семејство.

Професорите беа пријателски расположени, а освен предавањата, тие поминувале време со студентите на утринските богослуженија и на саботните црковни служби.

Лидија потекнувала од неадвентистичко семејство, но знаела нешто за адвентистичката црква. Кога била мало девојче, запознала неколку деца адвентисти и од нив дознала за празнувањето на саботата.

Сега, таа оди во црква во сабота, бидејќи студентите треба задолжително да присуствуваат на саботните богослужби. Но тоа не претставувал проблем за неа, бидејќи саботните служби многу ѝ се допаднале.

Сакајќи да дознае повеќе за саботата и за адвентистичките учења, таа се запишала во Дописната библиска школа.

Проучувајќи ја Библијата, Лидија се уверила дека саботата е навистина Божји свет ден. Меѓутоа, таа сè уште не размислувала да му го предаде своето срце на Исуса со крштевање.

„Ако ги положам сите испити за прва година, ќе се крстам“, си рекла самата на себе.

Ги положила сите испити од прва година, но ја одложила одлуката да се крсти.

Во текот на втората година се соочила со финансиски проблеми. Имала малку средства, па сметала дека ќе биде тешко да ја заврши годината.

Таа направила договор со Бога.

„Ако Бог направи да ја завршам оваа втора година од студиите, ќе се крстам.“

Ја завршила втората година, но овој пат го одржала зборот. Бог ја благословил на прекрасен начин, а најмалку што можела да направи е да Му го предаде своето срце.

Лидија се крстила, но проблемот со долгот останал.

Нејзините родители немале средства да ѝ помогнат, а таа се мачела да заработи додека студирала. Животот ѝ станал тежок, и пропуштила неколку завршни испити.

Светла точка во тие темни денови биле нејзините пријатели адвентисти. Тие се молеле за неа и со неа, охрабрувајќи ја да не се откажува.

Ја завршила и третата година од студиите.

На почетокот на она што требало да биде нејзина последна година од студиите, станало јасно дека ќе мора да го напушти универзитетот. Таа должела повеќе од 1 милион руандански франци (1.500 долари). Со

## Во врска со искуството

Потсетете ги сите дека нивните мисионски приноси се дарови кои служат за ширење на Божјата реч низ целиот свет и дека една четвртина од даровите на тринаесеттата сабота ќе се употребат за проектите во оваа дивизија.

Употребете карта на светот за да ги прикажете петте земји од Источноцентралната африканска дивизија кои ќе ги добијат средствата на 13-тата сабота: Руанда, Уганда, Етиопија, Кенија и Танзанија.

- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските информации и брзи факти од Источноцентралната африканска дивизија: bit.ly/ecd-2023.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 2 зборува за јакнењето и диверзификацијата на мисионските активности во големите градови преку прозорецот 10/40, како и зајакнување на работите кои влијаат на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на проучување на Библијата, користење на саботношколските духовни материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето, учеството на децата и младите“; целта за духовен раст бр. 7, е „да им се помогне на тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да бидат пример за библискиот поглед на светот“. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Руанда е четврта најмала земја на територијата на Африка (26.338 км$^2$) по Гамбија, Есватини и Џибути.

Руанда е една од земјите со најмлада популација во светот. Просечната возраст е 19 години.

Најпопуларните спортови во Руанда се атлетика, кошарка, фудбал и одбојка. Велосипедизмот, иако првенствено е вид на транспорт, станува сè попопуларен како спорт.

Руанда има 1.844 цркви и 694 групи верници, со вкупно 863.972 членови. Бројот на жители во државата изнесува 12.250.000 жители, и ова претставува соодноs од 1 адвентист на секои 14 луѓе.

толкав долг не можела да се запише во следниот семестар.

Лидија почнала да работи со полно работно време за да го отплати својот долг. Нашла работа во една градежна фирма што работела на кампусот, градејќи нова училишна зграда за медицинската школа на универзитетскиот кампус.

Ѝ било многу тешко кога гледала како нејзините пријатели како одат на часови и на други активности, додека таа морала да работи. Во тие моменти ѝ доаѓале мисли дека би било подобро никогаш да не дојдела на универзитетот. Сакала да ја напушти работата и да се врати во своето село.

Еден ден со солзи во очите го споделила својот проблем со еден од професорите.

„Господ ја разбира неволјата низ која минуваш“, нежно рекол професорот. „Тој нема да те остави сега кога имаш потреба.

Ја охрабрил да не го напушта универзитетот, да пости и да се моли на Бога една недела.

Во текот на таа седми-

ца, Лидија се молела секој ден, а се чинело како Бог да не ги слуша нејзините молитви.

Професорот ја охрабрувал да истрае, „Продолжи да се молиш и барај од Него одговор“, ѝ рекол тој.

Лидија и следната седмица ја поминала во молитви.

На крајот на втората недела добила неочекуван телефонски повик. Се јавил семеен пријател и ѝ понудил да ѝ подари средства за да ги покрие долговите.

Била пресреќна. Нејзините молитви биле услишени. Ги платила долговите, учела вредно и успеала да ги стигне своите пријатели на студиите.

Лидија дипломирала на Адвентистичкиот медицински универзитет во Руанда во ноември 2021 година.

„Господ не само што одговори на моите молитви, туку и го засади семето на трпение и истрајност во моето срце и сакам да Му служам каде и да ме испрати.“

Ви благодариме за вашите дарови на 13-тата сабота во 2016 година со кои помогнавте да се изгради медицинската школа на кампусот на адвентистичкиот универзитет во централна Африка. Школата официјално започнала со работа во 2021 година.

Дел од денешните дарови ќе бидат наменети за изградба на нова зграда за факултетот и медицинската школа.

Ви благодариме за вашата подготвеност да издвоите великодушни средства за да помогнете да се реализира овој проект, како и пет други проекти низ Источноцентралната африканска дивизија.

*(Приложувањето на даровите може да биде со придружба на инструментална музика)*

By Andrew McChesney

## Идни проекти на 13-тата сабота

Проектите кои ќе бидат во центарот на вниманието следното тримесечје доаѓаат од Интеревропската дивизија на Генералната конференција на Христијанската адвентистичка црква.

- Отворање центар на живот и надеж во Лион, Франција.
- Изградба на основно училиште во Сетубал, Португалија.
- Изградба на основно училиште во Моисеа, Романија.
- Изградба на центар за престој на децата по школските часови во Галача, Романија.
- Изградба на младински камп и центар за обука во Гланд, Швајцарија.




Можете да ја прочитате мисионската приказна за девојчето Прешус чие срце било допрено од песната на детски-от хор во адвен-тистичката интернатска шко-ла во Уганда.










Посетете ја нашата Фејсбук страница и преземете ги дополнителните материјали за мисијата.

Источноцентрална африканска дивизија

# ИЗВОРИ

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео Mission Spotlight, кое содржи извештаи од Јужната Азископацифичка дивизија и пошироко. Преземете или проследете ја веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## Онлајн информации

Следниве се извори на информации можат да бидат корисни при подготовката за вестите во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во овој квартал, посетете ги:

**Websites**

| | |
|---|---|
| Democaratic Republic of Congo: Embassy in United States | bit.ly/DRCEmbassyUSA |
| Smartraveller | bit.ly/SmartTraveller-DRC |
| Trip Advisor | bit.ly/TripAdvisor-DRC |
| Rwanda: government website | bit.ly/RwandaGovt |
| US State Department | bit.ly/USStateDept-Rwanda |
| Visit Rwanda | bit.ly/Visit_Rwanda |
| Tanzania: government website | bit.ly/TanzGovt |
| US Embassy in Tanzania | bit.ly/USEmbTanz |
| Tanzania Travel Guide | bit.ly/TanzTravGuide |
| Uganda: government website | bit.ly/UgandaGovt |
| US State Department | bit.ly/USStateDept-Uganda |
| Wikitravel | bit.ly/WikiTrav-Uganda |

**Адвентистичка црква**

| | |
|---|---|
| Источноцентрална африканска дивизија | bit.ly/SDA-ECD |
| Севернотанзаниска унија | bit.ly/SDA-NorTanUC |
| Унија на мисии во Уганда | bit.ly/SDA-UUM |
| Универзитетот Бугема, Уганда | bit.ly/SDA-Bugema |
| Адвентистички универзитет во Централна Африка, Руанда | bit.ly/SDA-AUCA |
| Адвентистички универзитет во Луканга, ДРЦ | bit.ly/SDA-AUL |

Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица.

Оваа информација за собраните средства мнозина ќе охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

АДВЕНТИСТИЧКА МИСИЈА

**Градиво за саботна школа 1/2023**

**Вести од светот**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка подготовка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Адреса:**
Влае бр. 42
1000 Скопје

www.adventisti.mk

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**

# ИСТОЧНОЦЕНТРАЛНА АФРИКАНСКА ДИВИЗИЈА




| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---:|---:|---:|---:|
| Бурунди | 505 | 498 | 193.649 | 11.866.000 |
| Источно Конго | 336 | 450 | 125.519 | 16.740.259 |
| Источна Кенија | 3.582 | 1.966 | 616.654 | 48.346.493 |
| Источна Етиопија | 590 | 363 | 106.207 | 99.245.849 |
| Северно Конго | 1.239 | 892 | 245.269 | 30.112.762 |
| Северна Танзанија | 2.449 | 1.634 | 637.533 | 33.570.508 |
| Руанда | 1.893 | 668 | 980.598 | 12.952.000 |
| Јужна Танзанија | 1.239 | 1.066 | 200.184 | 26.163.492 |
| Уганда | 1.259 | 2.425 | 438.172 | 45.741.000 |
| Западно Конго | 671 | 510 | 342.275 | 42.741.979 |
| Западна Кенија | 3.505 | 2.277 | 481.788 | 21.074.507 |
| Западна Етиопија | 429 | 146 | 110.378 | 16.658.151 |
| Додадени полиња | 99 | 254 | 57.471 | 14.740.000 |
| **ВКУПНО** | **17.796** | **13.149** | **4.535.697** | **419.926.000** |